Стопанска комора на Македонија    Мапа    Контакт




**<u>- Групацијата на производители на заштитни врати</u>**

**<u>И З В Е Ш Т А Ј</u>**

**<u>Од состанокот од контитутивната седницата на Групацијата на производители на заштитни врати одржана на 28.01.2011 година во Стопанска комора на Македонија</u>**

Седницата ја  водеше Војкан Николовски, советник во Стопанска комора на Македонија кој го предложи, а присутните едногласно го прифатија следниот

***Д н е в е н   р е д***

***1. Усвојување на правилата за организација и начин на работа на Групацијата***

***2. Избор на членови на Управниот одбор на Групацијата***

***3. Избор на претседател и заменик претседател на Групацијата***

***4. Актуелни состојби и проблеми во производството и пласманот на заштитни врати***

Точка 1

Во дискусијата во која учествуваа повеќе членови на Групацијата се прифати Управниот одбор на Групацијата да брои 7 члена, со двегодишен мандат, со можност за повторен избор.

По дискусијата Правилата за организација и начин на работа на Групацијата на производители на заштитни врати беше едногласно усвоени.

Точка2

За членови на Управниот одбор на Групацијата едногласно беа изабрани следниве членови

1. Ѓорѓе Стојаноски од Металтехна од Скопје
2. Никола Циглов од Унисеф од Охрид
3. Марјан Јовевски од Златна рака-М од Скопје
4. Лилјана Стојановска од СЕФ од Скопје
5. Пандил Милошевски од Тензор од Скопје
6. Пане Лазаровски од СЕФ Компани од Скопје
7. Благоја Богдановски од Техно-заштита од Скопје

.Точка 3

По кратката дискусија во која беше предложено да Групацијата има претседател и заменик претседатели се заклучи

За претседател на Управниот одбор на Групацијата во наредниот двогодишен мандат едногласно се избра г-дин Марјан Јовевски од Златна рака-М од Скопје.

За заменик-претседател на Управниот одбор на Групацијата во наредниот две годишен мандат едногласно се избраа г-ѓа Лилјана Стоановска од СЕФ од Скопје.

Претседателот на Управниот одбор е и претседател на Групацијата на производители на заштитни врати, заменик претседателот на Управниот одбор е и заменик претседател на Групацијата на производители на заштитни врати.

Точка 4

Расправајќи на седница присутните истакнаа дека активностите на Групацијата треба да бидат насочени во разрешување на проблемите со кои се соочуваат компаниите од овие дејности посебно активностите во правец на разрешување на проблемите на нелојалната конкуренција и неконтролираниот квалитет која се појавува при увозот на заштитните врати.

Од страна на државните институции и инстуциите за контрола и проверка на заштитните врати кои се вградуваат во зградите ќе се побара поголема контрола на квалитетот и рецертификацијата на увезените против пожарни врати

На седницата на Групацијата посебно беше истакнат проблемот на непостоење на овластена и акредитирана лабораторија за испитување на квалитетот на заштитните врати за кое се предложи да се побара од надлежните државни институции да се овласти тело (во која свое учество ќе земат и производителите), кое ќе врши контрола на квалитетот и издава атести за квалитет.

На крајот се зклучи да во најкус можен рок се организира седниц на УО на Групацијата со преставници на државните институции на која би се

расправало за начинот на делување и план на активности за наредниот период, за решавање на проблемите сврзани со нелојалната конкуренција од увоз на заштитни врати со несоодветен квалите и не ги задоволуваат барањата согласно Законот за безбедност на производите.

Претседател
Марјан Јовевски с.р.

Бр.12-167/2
28.01.2011 год.

Скопје